# Извештај

16.10.2015 год.

## ПЕТТИ ФЕСТИВАЛ НА СОЧНИ ФИГУРИ„SLOW FOOD“

## Децата од Ѓорче Петров учеа за здравата исхрана

**Ученици од основните училишта од општината Ѓорче Петров по повод светскиот ден на храната - 16 Октомври зедоа учество на петтиот фестивал на сочни фигури под мотото „Здрави навики преку здрава исхрана“.**




Манифестацијата се одржа во дворот на ДСУ „ Св. Наум Охридски“. Работилница , галерија и едукативно предавање за темата на проектот беа главните целини на фестивалот.

Најмладите имаа можност да научат нешто повеќе за употребата на здравата храна  преку изработката на фигури од овошје и зеленчук од наше потекло. И како најважна цел беше дружбата на учениците од различни етнички заедници како и прифаќањето на децата кои имаат потреба  од малку поголемо внимание , отколку од другите.




Учениците од ООУ„Тихомир Милошевски“ својата бујна фантазија ја преставија преку изработка на разни креации на тема „Food toys“ сите изработени од овошје и зеленчук.




**На крајот трудот беше награден со посебно признание за освоено второ место на О.О.У. „Тихомир Милошевски“ од општината Ѓорче Петров.**